Друштво за промет и услуги
ТРИМАКС КНИЖАРНИЦИ ДОО
Бр. 03-37/ 0508 2025 год.
Скопје

ДОГОВОР

ЗА ВЗАЕМНА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ден 05.08.2025 меѓу:

1. **Тримакс книжарници** ул. Божидар Аџија бр.9 Кисела Вода во Скопје, жиро сметка 240100117179516 (депонент на Уни Банка АД Скопје), ЕДБ: 4058022543221, застапувано од управител Розета Јанковска, (во понатамошен текст: **Продавач)**, и
2. **САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** со седиште на ул. Водњанска бр.17 од Скопје (во понатамошниот текст: Синдикат) претставуван од претседателот д-р Предраг Серафимоски

Член 1

Договорните страни имаат интерес за взаемна соработка, заради што го склучуваат овој договор во кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски, како и начинот и видовите на соработката.

Член 2

Договорната страна **Тримакс книжарници ул. Божидар Аџија бр.9 Кисела Вода** во Скопје прифаќа цената на производите што ги продава, односно услугите што ги дава за членовите на Синдикатот и членовите на нивното потесно семејство (брачен партнер, деца) да биде намалена за **10%**.

* **<u>Попустот од 10% нема да важи за следните групи на проиаводи</u>**

- за меници, ЕУР обрасци и лекарски уверенија
- за производ кој веќе е на попуст и/или Акција,
- збирки, работни тетратки и куферчиња за Техничко образование,
- парфеми, средства за дезинфекција
- господин Медо со приказни

Договорната **Тримакс книжарници ул. Божидар Аџија бр.9 Кисела Вода** Скопје прифаќа производите што ги продава, односно услугите што ги дава за членовите на Синдикатот и членовите на нивното потесно семејство (брачен партнер, деца) да ги даде на **5 рати**. Висината на ратата не треба да изнесува помалку од **1000 денари**.

Член 3

Синдикатот ќе ги информира своите членови за погодностите од овој договор, што ги нуди другата договорна страна.

Член 4

Синдикатот во делот на гаранцијата за исплата на ратите за купените производи или добиената услуга е само посредник меѓу членот на Синдикатот, непосредниот корисник на поволностите од овој Договор и давателот на погодностите од овој Договор - другата договорна страна.

За исплата на ратите за купените производи или добиената услуга е одговорен и ја гарантира непосредниот корисник на поволностите од овој Договор кој е член на Синдикатот.

Редовната исплата на договорените рати ја обезбедува здравствената установа во која е вработен членот на Синдикатот. Здравствената установа за таа цел издава потврда.

Во случај на престанок на редовната исплата на договорените рати од страна на здравствената установа во која е вработен членот на Синдикатот од било која причина, истата ја остварува, непосредниот корисник на поволностите на овој Договор, член на Синдикатот. За таа цел потпишува изјава со која гарантира дека под материјална и кривична одговорност, лично превзема обврска за редовна наплата на ратите се до конечна исплата на робата што ја подигнал, односно услугата што му е пружена.

Член 5

Членот на Синдикатот може да ги користи погодностите од овој Договор само со приложување на следните документи на давателот на погодностите:

1. **ПОТВРДА ОД ЈЗУ** заверена со оригинален печат/жиг и потпис од овластено лице за издавање на потврди на ЈЗУ каде е вработен членот на Синдикатот, со административна задршка од неговата плата, во висина на договорените рати.
2. **ИЗЈАВА** на корисникот на погодностите од овој Договор дека во случај на престанок на редовната исплата на рати со административна задршка од неговата плата, се обврзува на друг начин да ја обезбеди редовната исплата на ратите на давателот на погодностите од овој Договор, а во спротивно се согласува давателот на погодностите од овој Договор присилно да го наплати долгот од него со пресметана камата. Изјавата лично потпишана од корисникот на погодностите од овој Договор се предава во два примероци; едниот примерок на давателот на погодностите од овој Договор, а другиот примерок го доставува до Синдикатот.
3. **ПОТВРДА ОД СИНДИКАТОТ** заверена со оригинален печат/жиг и потпис од овластено лице дека корисникот на погодностите од овој Договор е член на Синдикатот.
4. **ЛИЧНА КАРТА**.

Член 6

За злоупотреба на овој Договор или предизвикана штета, последиците ќе ги сноси оној кој ја извршил злоупотребата на овој Договор или предизвикал штета.

Член 7

Овој договор е склучен на неопределено време и стапува на сила од денот на потпишувањето.

Секоја странка може да бара раскин на договорот, со претходно известување од минимум 15 дена.

Член 8

Овој договор е составен од 2 (два) примероци, од кои по еден за секоја од договорените страни.

Тримакс книжарници,
Раководител на подружници

Катарина Јанковска

Самостоен синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија
претседател,

д-р Предраг Серафимоски